Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна анкета и јавна презентација по **Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош** .

Јавната анкета по Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош, ќе се одржи од 25.10.2016 година до 07.11.2016 година, секој работен ден, од 08.00 до 16.00 часот, во просториите на УЗ "Злокуќани".

Јавната презентација за субјектите од член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), ќе се одржи на ден 02.11.2016 година во 13.30 часот во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за физички и правни лица по Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош ќе се одржи на ден 02.11.2016 год. во 15.00 часот, во просториите на УЗ "Злокуќани" (Ул. Скупи бб).

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош е дефиниран со следните граници:

Осовина на ул. Скупи 20, ул.Скупи, Бардовци-пат-Скопје, ги сече КП 297, КП 296/3, КП 293, КП 642, КП 641, КП 640/3, КП 640/2, КП 640/1, река Лепенец, КП 625, КП 633, КП 628/3, КП 632, КП 628/2, КП 628/1, КП 258, КП 614/2, КП 614/1, КП 613/3, КП 613/2, КП 526/1, КП 527, КП 528/2, КП 528/5, осовина на ул.Скупи 14, Улица С9 и ул.Скупи 22, Општина Карпош - Скопје.

Површината на опфатот изнесува П= 38.69 ха.

Анкетните листови за учество ва јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на УЗ "Злокуќани" и на системот Е-урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета и графичкиот приказ за Детален урбанистички план за блок ССЗ 01.10, Градска четврт ССЗ 01, Општина Карпош- Скопје и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на УЗ "Злокуќани". и во електронска форма согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски